# МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

**2631.**

Врз основа на член 13 став 1 од Законот за прометот на експлозивни материи („Службен лист на СФРЈ“ бр.30/85, 6/89 и 53/91) кој согласно член 5 став 1 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/91 и 4/92) е преземен како републички пропис и („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/93, 31/93, 66/07, 86/08 и 148/15), Министерството за внатрешни работи објавува

**Л И С Т А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА ЕКСПЛОЗИВНИТЕ МАТЕРИИ ШТО МОЖАТ ДА СЕ ПУШТААТ ВО ПРОМЕТ**

Во Листата на експлозивните материи што можат да се пуштаат во промет („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/98, 19/01, 46/04, 106/06, 208/15 и 104/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.56/19, 120/19, 231/19, 52/20, 42/21, 140/21 и 280/22), во Дел I. „СТОПАНСКИ ЕКСПЛОЗИВИ“ во точката 72 точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка и се додава нова точка 73, која гласи:

„73. Стопански анфо експлозив ANFOexal, со класификација 1.1D Type B-UN 0082, производство на „VAGEXCO Sh.p.k EKSPLOZIV ALBANIA.“, со седиште во Какавие, Ѓирокастро, Албанија. Одобрение за пуштање во промет, под број 12.2-14759/2, на ден 4.4.2023 година.“.

Во Дел II. „СРЕДСТВА ЗА ИНИЦИРАЊЕ НА ЕКСПЛОЗИВИ“ во точката 38 точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка и се додаваат три нови точки 39, 40 и 41, кои гласат:

„39. Не-електричен детонатор МС (NONEL nonelectric delay detonator MS) со класификација 1.1B UN 0360 PG II, производство на „VAGEXCO Sh.p.k EKSPLOZIV ALBANIA.“, со седиште во Какавие, Ѓирокастро, Албанија. Одобрение за пуштање во промет, под број 12.2-14759/2, на ден 4.4.2023 година;

40. Не-електричен детонатор ЛП (NONEL nonelectric delay detonator LP) со класификација 1.1B UN 0360 PG II, производство на „VAGEXCO Sh.p.k EKSPLOZIV ALBANIA.“, со седиште во Какавие, Ѓирокастро, Албанија. Одобрение за пуштање во промет, под број 12.2-14759/2, на ден 4.4.2023 година и

41. Не-електричен детонатор ЕЗТЛ (NONEL nonelectric delay detonator EZTL- surface connector) со класификација 1.4B UN 0361 PG II, производство на „VAGEXCO Sh.p.k EKSPLOZIV ALBANIA.“, со седиште во Какавие, Ѓирокастро, Албанија. Одобрение за пуштање во промет, под број 12.2-14759/2, на ден 4.4.2023 година.“.

Бр. 13.1.1-76147/1
5 јули 2023 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**2632.**

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Северна Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09, 97/10, 11/12, 145/12, 170/13,139/14 и 147/15 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/19), Министерството за труд и социјална политика

**О Б Ј А В У В А**

1. Стапката на трошоците на живот за месец јуни 2023 година, во однос на месец мај 2023 година, според податоците на Државниот завод за статистика (Соопштение: Индекси на трошоците на живот и цените на мало, јуни 2023 година, број 4.1.23.59, објавено на 7.7.2023 година), е повисока за 1 %.

2. Правото на пораст на платите за месец јуни 2023 година, во однос на месец мај 2023 година, за работодавачите од членот 3 став 1 од Законот за исплата на платите во Република Северна Македонија, изнесува 0,5%.

Министер,
**Јованка Тренчевска**, с.р.

---

Në bazë të nenit 10 të Ligjit për pagimin e rrogave në Republikën e Maqedonisë së Veriut (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09, 97/10, 11/12, 145/12, 170/13,139/14 dhe 147/15 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut“ Nr. 202/19), Ministria e Punës dhe Politikës Sociale

**P U B L I K O N**

1. Shkalla e kostos së jetesës për muajin qershor 2023, krahasuar me muajin maj 2023, sipas të dhënave të Entit Shtetëror të Statistikës (Kumtesa: Indeksi i kostos së jetesës dhe çmimeve me pakicë, qershor 2023, nr. 4.1.23.59, botuar më 7.7.2023), është më e lartë me 1%.

2. E drejta për rritje të pagave për muajin qershor 2023, krahasuar me muajin maj 2023, për punëdhënësit nga neni 3 paragrafi 1 i Ligjit për pagimin e rrogave në Republikën e Maqedonisë së Veriut është 0,5 %.

Ministrja,
**Јованка Тренчевска**, d.v.

# АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

**2633.**

**И С П Р А В К А**

Во „Службен весник на РСМ“ бр. 146/23 од 11.7.2023 година, во Службениот дел е објавено „Решение за забрана на увоз и транзит на живи животни, производи и нус производи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на африканска свинска чума во Република Северна Македонија кои потекнуваат од Република Хрватска“ од Агенцијата за храна и ветеринарство.

Поради техничка грешка недостасува Прилогот на Решението кој гласи:

„Прилог

1. Регион Vukovarsko-Srijemski.“

Останатиот дел од текстот останува непроменет.

# ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА АВТОРСКИ МУЗИЧКИ ПРАВА ЗАМП

**2634.**

Врз основа на член 132 и член 144 од Законот за авторското право и сродните права („Службен весник на РСМ“ број 115/2010, 140/2010, 51/2011, 147/2013, 154/2015, 27/2016), како и член 13 од Статутот на Здружението за заштита на авторски музички права ЗАМП Скопје на втората седница одржана на ден 11.7.2023 година во Скопје, донесе

**О Д Л У К А**

Член 1

Да се донесе Правилник за измени и дополнување на Правилникот за распределба на авторските надоместоци, прифатен и усвоен од Управниот одбор на ЗАМП Скопје.

Член 2

Се усвојува предлогот на Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за распределба на авторските надоместоци („Службен весник на РМ“ број 141/14, број 36/16 и број 281/2022).

Член 3

Оваа одлука стапува во сила на денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

На шестата седница на Управниот одбор одржана на ден 17.11.2022 година беше формирана комисија која ќе работи на изготвување на нов правилник за распределба.

По завршување на работата на така формираната комисија, постапувајќи по изготвениот предлог-текст на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за распределба на авторските надоместоци („Службен весник на РМ“ број 141/14, број 36/16 и „Службен весник на РСМ“ број 281/2022), Управниот одбор на седница одржана на ден 11.7.2023 година беше донесена Одлука за отпочнување на статутарна постапка за усвојување на предложената измена-на одредбите од Правилникот за распределба на авторските надоместоци („Службен весник на РМ“ број 141/14, број 36/16 и „Службен весник на РСМ“ број 281/2022).

Таквата одлука во форма на предлог согласно со Статутот на ЗАМП Скопје беше спроведена на расправање, одлучување и усвојување на Собранието на ЗАМП Скопје.

На својата втора седница одржана на ден 11.7.2023-година Собранието на ЗАМП Скопје ги разгледа предлозите за измена на одредбите, содржана во членот 32, член 33 став 5, член 34, член 35, член 41, член 46, член 47 став 1 алинеја 1 и член 49 Правилникот за распределба на авторските надоместоци.

По разгледувањето, Собранието на ЗАМП Скопје донесе одлука за донесување на измените и го усвои предложениот текст на Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за распределба на авторските надоместоци, при што одлучи тој да влезе во сила на осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а дека ќе се применува почнувајќи од распределбата на авторските надоместоци за 2023 година која ќе биде утврдена со Општата пресметка во 2024 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 0201-887/2 | Собрание на ЗАМП |
| 12 јули 2023 година | Претседател, |
| Скопје | **Дејан Момироски,** с.р. |

---

**2635.**

Врз основа на членовите 132 и 144 од Законот за авторското право и сродните права на Република Северна Македонија („Сл. весник на РМ“ бр.115/10, 140/10, 51/11, 147/13, 154/15 и 27/16), член 13 став 1 точка 1 од Статуот на Здружението за заштита на авторски музички права ЗАМП Скопје (во понатамошниот текст ЗАМП Скопје), а во врска со Одлуката број 0201-887/2 од 12.7.2023 година на Управниот одбор на ЗАМП Скопје, Собранието на ЗАМП Скопје на седницата одржана на ден 11.7.2023 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА АВТОРСКИТЕ НАДОМЕСТОЦИ**

Член 1

Се менува членот 32 од Правилникот за распределба на авторските надоместоци („Службен весник на РМ“ број 141/14, број 36/16 и „Службен весник на РСМ“ број 281/2022“) и тој по промената ќе гласи:

„Наплатата на авторските надоместоци за јавно соопштување на музички несценски дела во една календарска година се разликуваат според видот на користењето и се однесува на следните категории:

- Радио (Македонско радио и Трговски радиодифузни друштва (радија) на локално, регионално идржавно ниво);
- Телевизија (Македонска телевизија и Трговски радиодифузнидруштва (телевизии) на локално, регионално идржавно ниво);
- Приредби (приходи од забави, игранки, другарскивечери,матурски, дипломски, модни ревии, артистички спортски натпревари);
- Жива музика (Угостителски објекти со жива музика);
- Концерти на популарна музика;
- Концерти на сериозна музика;
- Јавно пренесување приходи по основ на јавно соопштување преку звучник, екран или било кое друготехничко средство во (угостителски објекти, дискоклубови, ноќни барови, хотели, трговски и деловнипростории, занаетчиски дуќани, превозни средства, спортски објекти и др.); и
- Кабелско реемитување.“

Член 2

Се менува членот 33 став 5 од Правилникот за распределба на авторските надоместоци („Службен весник на РМ“ број 141/14, број 36/16 и „Службен весник на РСМ“ број 281/2022“) и тој по промената ќе гласи:

„Кога авторскиот надоместок од еден корисник е наплатен во единствен износ за радио и ТВ емитување (ЈП Македонска радиотелевизија), во тој случај вкупната сума се распределува во определени проценти (%) - радио и телевизија согласно со соодветниот процент од користените музички дела.“

Член 3

Се менува член 34 од Правилникот за распределба на авторските надоместоци („Службен весник на РМ број 141/14, број 36/16 и број 281/2022“) и тој по промената ќе гласи:

„Со овој Правилник се утврдуваат следниве репартициски класи:

100) Радио

(Јавно претпријатие Македонско радио и Трговски радиодифузни друштва – радио програмски сервиси на локално, регионално и државно ниво)

200) Концерти на сериозна музика

300) Телевизија

(Јавно претпријатие Македонска телевизија и Трговски радиодифузни друштва – телевизиски програмски сервиси на локално, регионално и државно ниво)

400) Приредби

500) Угостителски објекти со жива музика

600) Концерти на популарна музика“.

Член 4

Се менува член 35 од Правилникот за распределба на авторските надоместоци („Службен весник на РМ број 141/14, број 36/16 и број 281/2022“) и истиот по промената ќе гласи:

„Паричните фондови на репартициските класи сесоставени од следниве видови приходи:

100) Радио (Јавно претпријатие Македонско радио и Трговски радиодифузни друштва – радио програмски сервиси на локално, регионално и државно ниво)

- приходите од ЈП Македонско радио ирадио програмските сервиси по оваа основа;
- дел од приходите од јавното пренесување .т.е јавното соопштување преку звучник екран или друго техничко средство согласно членовите 32, 33 став 3 и 37 ст. 2 од Правилникот за распределба на авторските на надоместоци и
- приходите од радиските кабелски мрежи.

200) Концерти на сериозна музика (приходите одконцерти на сериозна музика);

300) Телевизија (Јавно претпријатие Македонска телевизија и Трговски радиодифузни друштва – телевизиски програмски сервиси на локално, регионално и државно ниво)

- приходите од ЈП Македонска телевизија и телевизиските програмски сервиси по оваа основа;

- дел од приходите од јавното пренесување т. е. јавното соопштување преку звучник екран или друго техничко средство согласно со членовите 32, 33 став 3 и 37 ст. 2 од Правилникот за распределба на авторските надоместоци и

- приходите од телевизиските кабелски мрежи;

400) Приредби (приходите од забави, игранки, другарски вечери, матурски, дипломски, модни ревии, артистички и спортски натпревари од игранки, забави, модни ревии, артистички и спортски приредби и сл.);

500) Угостителски објекти со жива музика - приходи остварени врз оваа основа.

600) Концерти на популарна музика (приходите од концертите на популарна музика)".

Член 5

Се менува член 41 од Правилникот за распределба на авторските надоместоци („Службен весник на РМ број 141/14, број 36/16 и „Службен весник на РСМ" број 281/2022") на следниот начин:

- Се менува ставот 2 и истиот по промената гласи:

„Распределбата на авторските надоместоци се вршиза заштитени дела што се појавиле во програмите доставени до ЗАМП во определен рок за една репартициска година. Доставените програми до ЗАМП задолжително мора да содржат:

- назив на музичкото дело со име на изведувачот;

- датум, време на емитување, траење на секое емитувано дело и на емисијата доколку постои програмска шема."

- Се додава нов став 3 и истиот гласи:

„За неверодостојни програми ќе се сметаат особено:

- оние програми каде за повеќе од 20% од музичките дела со записник од извршен мониторинг на користените дела од ЗАМП ќе биде утврдено дека не одговараат на вистинското користење на репертоарот;

- каде што пријавеното траење на авторско музичко дело за некој временски период го надминува физички возможното траење во тој период."

- Се врши нумеролошка корекција на начин што поранешниот став 3 од член 41 станува став 4, поранешниот став 4 станува став 5 и поранешниот став 5 станува став 6.

Член 6

Се менува членот 46 од Правилникот за распределба на авторските надоместоци („Службен весник на РМ број 141/14, број 36/16 и „Службен весник на РСМ" број 281/2022") на следниот начин:

- Се менува ставот 2 и истиот по промената гласи:

„Траењето на авторското музичко дело од 1 (една) минута се вреднува со коефициент 1 (еден)."

- Се додава нов став 3 кој гласи:

„Пресметката на авторскиот надомест со оглед на периодот на користење на авторското музичко дело кое се емитува:

- 10 години после настанувањето се вреднува со коефициент 1,30;

- 20 години после настанувањето се вреднува со коефициент 1,60;

- 30 години после настанувањето се вреднува со коефициент 1,90;

Како момент на настанување на делото се зема датумот на пријава на делото во ЗАМП, односно првото евидентирано користење во ЗАМП доколку и претходи на пријава на делото."

- Се врши нумеролошка корекција на начин што поранешниот став 3 од член 46 станува став 4, а поранешниот став 4 станува став 5.

Член 7

Се менува член 47став 1 алинеја 1 од Правилникот за распределба на авторските надоместоци („Службен весник на РМ број 141/14, број 36/16 и број 281/2022") и истиот по промената ќе гласи:

„- авизо музика, односно употреба на музички мотиви за најава и/или одјава на програма или емисии (вести, репортажи, драми и сл.), за раздвојување на делови од иста емисија (звучни завеси, џинглови или музички ефекти во реклами) или повеќе различни емисии, добива коефициент 0,20".

Член 8

Овој Правилник за измени и дополнување на Правилникот за распределба на авторските надоместоци ќе се применува почнувајќи со распределбата на авторските надоместоци за 2023 година, што ќе биде утврдена со општата пресметка во 2024 година.

Член 9

Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за распределба на авторските надоместоци по неговото донесување согласно ЗАПСП и Статутот на ЗАМП Скопје се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за распределба на авторските надоместоци влегува во сила осмиот ден од објавувањето.

Бр. 03-888/1
12 јули 2023 година
Скопје

Собрание на ЗАМП
Претседател,
**Дејан Момироски,** с.р.


СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**Издавач: ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29, поштенски фах 51.**
**в.д. Директор и одговорен уредник – Дејанчо Цветановски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2023 година изнесува 12.200 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница Напредок ДООЕЛ Тетово.**

**ISSN 0354-1622**